Whittlesea Community Connections




# Брошура за финансиска благосостојба

**Ресурси и служби што ќе ви помогнат да управувате со вашите пари и да останете поврзани**

**Целта на оваа брошура е да им обезбеди информации на луѓето кои живеат во општина Витлси и да им послужи да изградат финансиски капацитет.**

**Дали сте под стрес поради финансиите?**

**Дали имате проблеми со плаќањето сметки?**

**Дали ви треба финансиски совет?**

**Дали ви треба поддршка?**

# Содржина





## Вовед 4

## Практични совети 5

### Енергија и водоснабдување 6
Програма со грантови за комунални услуги и грантови за неприоритетни комунални услуги 6
Правобранител за енергија и водоснабдување на Викторија (Energy and Water Ombudsman Victoria или EWOV) 6
Портал Victorian Energy Compare 6

### Телефонија и интернет 6
Оператор Telstra 6
Служби во Австралија - Centrelink (Services Australia – Centrelink) 6
Правобранител за телекомуникациска индустрија (Telecommunication Industry Ombudsman или TIO) 6

### Домување 7
Министерство за здравство и социјални служби – Домување во Викторија (Department of Health and Human Services – Housing VIC) 7
Служби во Австралија - Centrelink (Services Australia – Centrelink) 7
Служба Tenants Victoria 7
Програма за поддршка и застапување при изнајмување живеалишта (Tenancy Assistance & Advocacy program - TAAP) 7
Граѓански и административен трибунал на Викторија (Victorian Civil & Administrative Tribunal или VCAT) 7
Агенција за услуги за бездомници Haven Home Safe (HHS) – во Престон 7
Врски на заедницата во Витлси (WCC) – Проект за брокерски услуги за домување (Whittlesea Community Connections (WCC) – Housing Brokerage Project) 7
Врски на заедницата во Витлси (WCC) – Проект за брокерски услуги за домување при семејно насилство (Whittlesea Community Connections (WCC) – Family Violence Housing Brokerage) 7

### Трошоци за образование 8
Министерство за образование и обука (Department of Education & Training или DET) 8
Непрофитна организација за олеснување на финансиски трошоци во државни училишта (State Schools' Relief или SSR) 8
Државен фонд за трошоци за кампување, спортови и екскурзии (Camps Sports & Excursions Fund или CSEF) 8
Субвенции за грижа за деца 8
Семејна помош 8
Организација за социјална правда Brotherhood of St Laurence – Saver Plus 8
Добротворна организација Smith Family – Learning for Life Program 8
Програма за бескаматни кредити (No Interest Loan Scheme или NILS) 8
Непрофитна група од заедницата Computer bank 9
Помош за студентски заеми, стипендии и надоместоци 9
Програма за ваучери Get Kids Active (Get Kids Active Voucher Program) 9

## Што е финансиска писменост? 10
Државна служба Money Smart 10

### Финансиски услуги и поддршка 11
Служби во Австралија – Служба за финансиски информации (Financial Information Service или FIS) 11
Програма Uniting Kildonan – Програма за финансиско советување за Североисточен регион 11
Centrelink – Services Australia 11
Австралиска даночна управа (Australian Taxation Office или ATO) 11
Австралиски жители 11
Национална линија за помош при долгови (National Debt Helpline или NDH) 11
Австралиска управа за финансиски приговори (Australian Financial Complaints Authority или AFCA) 11

### Практични финансиски совети 12
Плаќање сметки 12
Методи на плаќање сметки 12
Што е кредит 12
Што е бескаматен период и период на камата 12
Кредитна оценка и кредитни извештаи 12

### Видови заеми и кредити 13
Програма за бескаматни заеми (No Interest Loan Scheme или NILS) 13
Кредитна програма StepUp 13
Брзи готовински кредити 13
Изнајмување за купување 13
Банкарски кредити 13

## Распоред за планирање на парите 14

## Даватели на услуги 16

Служби за помош во итни случаи 17
Оброци 17
Телефонски линии за кризни ситуации 17
Алкохол, дрога и коцкање 18
Попреченост 18
Семејство 19
Општински совет Витлси 19
Семејно насилство 19
Ментално здравје 20
Служби за домување 21
Абориџини 21
Правни работи 22
Жени 22
КОВИД-19 22
Линија за КОВИД-19 22
Поддршка за плаќање 23

# Вовед

Брошурата за финансиска писменост е изготвена од страна на организацијата Врски на заедницата во Витлси (Whittlesea Community Connections) за да се обезбедат информации, ресурси и поддршка на луѓето кои живеат во општина Витлси, а кои може да се соочуваат со тешкотии.

Врски на заедницата во Витлси (Whittlesea Community Connections) е непрофитна организација која има за цел да ги утврди и отстрани пречките за пристап до информации и услуги за поддршка, како и да работи со заедницата на еден интегриран начин сосредоточен на самото лице. Ние ги охрабруваме членовите на заедницата да ја користат оваа брошура за понатамошно развивање на нивната финансиска писменост, при што ќе може да се постигне поголема финансиска сигурност и благосостојба.

Читателите можат да ја користат Содржината за да ги видат ресурсите и видовите на услуги споделени во брошурата, а за повеќе информации можат директно да преминат на соодветната Страница. Членовите на заедницата можеби ќе сакаат самите да се упатат за помош стапувајќи во контакт со самите служби, или пак секогаш се добредојдени да се јават на оганизацијата Врски на заедницата во Витлси за да добијат поголема поддршка.

Interpreter

Ако ви треба толкувач, само известете еден од нашите службеници за поддршка од Контакт центарот, и ќе ви биде обезбеден толкувач преку националната Служба за преведување и толкување TIS National.
Јавете ни се на: (03) 9401 6666
од понеделник до петок, од 9 часот наутро до 5 часот попладне

Ако барате толкувач за да пристапите до службите, може и директно да се јавите во националната Служба за преведување и толкување TIS.
131 450 (за повици во Австралија)



# Практични совети



# Енергетика и водоснабдување

## Програма со грантови за комунални услуги (URG) и грантови за неприоритетни комунални услуги (NURG)

Програмата со грантови за комунални услуги (URG) и со грантови за неприоритетни комунални услуги (NURGS) им е достапна на носителите на пензионерска картичка за попусти, на носителите на здравствена картичка или на носителите на златна картичка од Министерството за ветерански работи. Ако немате ниедна од овие картички, но имате ниски примања, да се пријавите. Максималниот достапен грант по сметка за комунални услуги изнесува 650 долари, а обезбедениот грант зависи од износот што го должите за сметката. Ако имате само една главна комунална услуга, т.е. само гас, тогаш максималниот износ на грантот изнесува до 1300 долари. Ова е вид на грант што клиентот не треба да го отплаќа и за него може да се пријавите само еднаш на секои две години. За да се пријавите за грант за комунални услуги URG, ќе треба да стапите во контакт со давателот на услугата за снабдување со струја или за водоснабдување. За да се пријавите за грант за неприоритетни комунални услуги NURG, треба да стапите во контакт со Информативната линија за попусти во Викторија. За понатамошни критериуми за добивање помош, за постапката за упатување и за специфични информации за овие грантови, посетете ја интернет страницата на Министерството за здравство и социјални служби наведена подолу или јавете се на Информативната линија за попусти во Викторија.

Исто така, за да добиете попуст на сметките за струја и за вода, погрижете се вашата картичка за попусти да биде регистрирана во комуналното претпријатие.

- www.dhs.vic.gov.au/for-individuals/financial-support/concessions/hardship/utility-relief-and-non-mains-utility-grant-scheme
- Телефон на Информативната линија за попусти во Викторија (Victorian Concessions Information Line): 1800 658 521

## Правобранител за енергетика и водоснабдување на Викторија (EWOV)

Канцеларијата на правобранителот EWOV се користи при разрешување на спорови со снабдувач на комунални услуги. Правобранителот за енергија и водоснабдување (EWOV) е независно тело што разрешува спорови помеѓу потрошувачите од Викторија и компаниите за снабдување со струја и со гас, како и компаниите за водоснабдување. Интернет страницата на Канцеларијата EWOV е многу лесна за користење и нуди пристап до корисни листи со податоци и информации за контакт.

- www.ewov.com.au
- Телефон: 1800 500 509

## Портал за споредување на снабдувачи на струја во Викторија

Порталот за споредување на снабдувачи на струја во Викторија е независна интернет страница на Викториската влада за споредба на цените на електричната енергија. Оваа интернет страница ви овозможува да ги споредувате сметките за гас и за струја со другите снабдувачи на струја за да го пронајдете најдобриот снабдувач на струја врз основа на вашето трошење струја. За да можете да ја користите оваа алатка ќе ви треба недамнешна сметка.

- https://compare.energy.vic.gov.au

# Телефонија и интернет

## Оператор Telstra

Операторот Telstra има програма што им е достапна на непрофитните агенции којашто може да им помогне на клиентите со телефонски картички или да понуди финансиска помош на луѓе кои имаат тешкотии со плаќање на нивните заостанати сметки од операторот Telstra. На следната интернет страница можете да најдете информации за Програмата на Telstra за помош со сметките или за Програмата на Telstra за помош со телефонски картички:

- www.telstra.com.au/aboutus/community-environment/community-programs/access-for-everyone/community-agencies

## Служби во Австралија (Services Australia) – Centrelink

Services Australia е владин оддел којшто доставува исплати и услуги до австралиската заедница. Луѓето со ниски примања може да имаат право на попусти за нивниот телефон и за интернет. Додатокот за телефонија помага со трошоците за телефонија и овозможува да имате телефонска и интернет услуга во вашиот дом. Правото на оваа помош се разгледува кога се пријавувате за финансиска помош од Centrelink, а додатокот се вклучува во вашата исплата од Centrelink.

- www.servicesaustralia.gov.au/individuals/services/centrelink/telephone-allowance

## Правобранител за телекомуникациска индустрија (Telecommunication Industry Ombudsman или TIO)

Канцеларијата на правобранителот TIO е слична служба како и Канцеларијата на правобранителот EWOV, но обезбедените информации се однесуваат на телекомуникациската индустрија. Канцеларијата TIO е брза, бесплатна, независна, непристрасна и правична служба за решавање спорови. Оваа услуга е наменета за клиенти со домаќинства или за клиенти со мали бизниси кои имаат нерешена жалба за нивната телефонска или интернет услуга.

- www.tio.com.au
- Телефон: 1800 062 058



# Домување

## Министерство за здравство и социјални служби – Домување во Викторија

Канцеларијата за домување при Министерството за здравство и социјални служби (DHS Office of Housing) нуди повеќе услуги и обезбедува информации за домување. Ова вклучува помош со заеми за обврзници, пријавување за домување во државни станови, сместување во кризни ситуации и во итни случаи, информации за домување во заедница, информации за поддржано сместување, совети, подвижни единици, пронаоѓач на опции за домување, информации за поседување дом и информации за приватно изнајмување.

- www.housing.vic.gov.au/housing-options
- Телефон: 1300 664 977

## Служби во Австралија – Centrelink

Services Australia – Centrelink обезбедува поддршка при изнајмување живеалишта за луѓе кои имаат ниски примања. За дополнителни информации, за условите за пријавување и за да поднесете барање за финансиска помош, можете да се јавите на Линијата за семејства (Families line) или да ја посетите интернет страницата наведена подолу.

- www.servicesaustralia.gov.au/individuals/services/centrelink/rent-assistance

## Служба Tenants Victoria

Tenants Victoria е служба што ги информира и подучува станарите за нивните права на домување, има за цел да ги подобри условите за закупците на живеалишта и ги претставува колективните интереси на закупците пред законот и во креирањето политики. Службата дава совети, помош и застапување за повеќе видови закупци. Ова вклучува закупци во приватни и во државни станбени имоти, во куќи за изнајмување соби со споделено користење на други простории и во паркови со приколки.

- www.tenantsvic.org.au
- Телефон: 1800 068 860

## Програма за поддршка и застапување при изнајмување живеалишта (TAAP)

Програмата TAAP им помага на закупците од Викторија кои имаат проблеми со договорот за приватно изнајмување, да избегнат да постанат бездомници. Таа обезбедува информации и упатување до други служби, преговори со сопственици на живеалишта или со агенти за недвижнини, како и пружа помош при подготвување за и присуство на расправи во Граѓанскиот и административен трибунал на Викторија (Victorian Civil and Administrative Tribunal или VCAT).

- www.consumer.vic.gov.au/clubs-and-fundraising/funded-services-and-grants/tenancy-and-consumer-program-2017-21/tenancy-assistance-and-advocacy-program
- Телефон на Програмата TAAP за Североисточен Мелбурн: 1800 002 992

## Граѓански и административен трибунал на Викторија (VCAT)

VCAT разгледува и донесува одлуки за разни граѓански спорови, вклучително спорови за станбени закупи. На Листата за станбени закупи може да се разгледуваат спорови што вклучуваат закупци против закуподавци, закуподавци против закупци, сопственици што издаваат соби во куќи против закупци на соби, како и Директори за домување против Закупци. Во трибуналот VCAT може да се сослушаат проблеми поврзани со неплатена станарина, враќање на обврзниците, поправки, одржување, оштетување или промени на имотот, домашни миленици и изнајмување, прекумерно зголемување на закупнината, како и налози за престанок на договор и за поседување.

- www.vcat.vic.gov.au/adv/disputes/residential-tenancies
- Телефон: 1300 018 228

## Агенција за услуги за бездомници Haven Home Safe (HHS) – во Престон

Канцеларијата на HHS во Престон е агенција за домување при Општина Витлси. Таа дава разновидни услуги за домување и програми за поддршка на клиенти кои се бездомници или се изложени на ризик од бездомништво, вклучувајќи службеници за домување и финансирање на брокери за пружање поддршка на луѓето да пристапат до приватни имоти за изнајмување. Агенцијата HHS исто така може да помогне со заостанати долгови за станарина и со пари за почетно закупување.

- www.havenhomesafe.org.au
- Телефон: (03) 9479 0700

## Врски на заедницата во Витлси (WCC) – Проект за брокерски услуги за домување

Оваа програма може да им помогне на луѓето кои се бездомници или се изложени на ризик од бездомништво да пристапат до бескаматен кредит како поддршка при влегување на пазарот за приватно изнајмување. Понатаму, помага во обезбедување на водење на случај за поедини случаи, подучување и застапување пред агенции за недвижнини и пред други агенции за домување. Ве молиме јавете се да разговарате со еден од службениците за водење на случај за поедини случаи, за да се процени дали ги исполнувате условите за пријавување за оваа програма.

- www.whittleseacommunityconnections.org.au/housing-brokerage-project.html
- Телефон: (03) 9401 6666

## Врски на заедницата во Витлси (WCC) – Проект за брокерски услуги за домување при семејно насилство

Оваа програма има за цел да им помогне на жртвите на семејно насилство коишто се изложени на ризик од бездомништво, со тоа што ги поддржува да добијат домување преку пристап до бескаматен кредит, притоа овозможувајќи им постојана поддршка во водењето на случајот. Ова вклучува и подучување за финансиска писменост и за изнајмување. Ве молиме јавете се да разговарате со еден од специјализираните службеници за семејно насилство кои работат на поедини случаи, за да проценат дали ги исполнувате условите за пријавување за оваа програма.

- www.whittleseacommunityconnections.org.au
- Телефон: (03) 9401 6666

# Трошоци за образование

## Министерство за образование и обука (DET)

Министерството за образование и обука DET обезбедува финансиска помош за трошоците за образование за семејства коишто имаат ниски примања и/или поседуваат важечка картичка за попусти од Centrelink. Ова ги вклучува програмите: Непрофитната организација за олеснување на финансиски трошоци во државни училишта State Schools' Relief (SSR), Државниот фонд за трошоци за кампување, спортови и екскурзии Camps, Sports and Excursions Fund (CSEF), Програмата за субвенции за грижа за дете (Child Care Subsidy) и Програмата за семејна помош (Family Assistance). За повеќе информации, обратете се кај вашето училиште или кај вашиот давател на грижа за дете.

- https://www2.education.vic.gov.au/pal/financial-help-families/policy

## Програма за олеснување на финансиски трошоци во државни училишта (SSR)

Програмата SSR обезбедува поддршка за учениците од државните училишта за да пристапат до униформи, обувки и образовни ресурси, вклучувајќи и пристап до уреди за учење и рачни графички уреди. Програмата SSR работи со сите основни, средни, специјализирани и јазични училишта во Викторија за да осигури дека секој ученик кој се соочува со тешкотии ги има потребните ресурси што му се потребни за училиште. За повеќе информации, разговарајте со вашето училиште.

- https://stateschoolsrelief.org.au/

## Државен фонд за трошоци за кампување, спортови и екскурзии (CSEF)

Фондот CSEF обезбедува исплати финансирани од владата коишто на учениците кои ги исполнуваат условите им помага да се вклучат во училишни активности како што се училишни кампови или патувања, пливање и спортски програми организирани од училиште, програми за образование на отворено и екскурзии и организирани школски предавања и активности од надворешни експерти. Семејствата коишто поседуваат важечка картичка за попусти и привремените згрижувачки родители имаат право да се пријават за оваа помош. Посебно внимание се посветува и на ученици во и надвор од згрижувачки семејства, на ученици во законски наложено згрижувачко семејство од блиско сродство, на семејства кои поседуваат виза за привремен престој или виза за привремена заштита, на лица кои се условени на движење само во рамките на заедницата или лица баратели на азил. За повеќе информации, разговарајте со вашето училиште.

- www.education.vic.gov.au/about/programs/Pages/csef.aspx

## Субвенции за грижа за дете

Субвенциите за грижа за дете (Child Care Subsidy) и дополнителните субвенции за грижа за деца (Additional Childcare Subsidy) се субвенции финансирани од владата што можат да им помогнат на семејставата што ги исполнуваат условите околу трошоците за надоместоците за згрижување дете. За дополнителни информации, за условите и за да поднесете барање за субвенција, можете да се јавите на Линијата за семејства (Families line) или да ја посетите интернет страницата наведена подолу.

*Субвенции за грижа за дете*
- www.servicesaustralia.gov.au/individuals/services/centrelink/child-care-subsidy

*Дополнителни субвенции за грижа за дете*
- www.servicesaustralia.gov.au/individuals/services/centrelink/additional-child-care-subsidy

## Семејна помош (Family Assistance)

Исплатите за семејна помош се исплати финансирани од владата коишто се изготвени за обезбедување поддршка за семејства со ниски примања, за да им помогнат со трошоците за одгледување на деца. За дополнителни информации, за условите и за да поднесете барање за исплата, може да се јавите на Линијата за семејства (Families line) или да ја посетите интернет страницата наведена подолу.

- https://www.servicesaustralia.gov.au/individuals/families

## Организација за социјална правда Brotherhood of St Laurence – Saver Plus

Програмата Saver Plus) е управувана од Brotherhood of St Laurence и има за цел да им помогне, да ги подобри финансиските можности и да заштеди финансиски средства на просечните семејства и на самохраните родители со ниски примања. Оваа програма се нуди локално на 60 различни локации низ Австралија.

- www.bsl.org.au/services/money-matters/saver-plus
- Телефон: 1300 610 355
- Електронска пошта: saverplus@bsl.org.au

## Добротворна организација Smith Family – Learning for Life

Програмата за доживотно учење (Learning for Life) обезбедува финансиска помош од спонзори за семејства кои се во неповолна положба и имаат потреба од помош околу училишните трошоци. Програмата исто така ги поврзува и детето и семејството со локалните можности за учење и им овозможува пристап до сите образовни програми што може да ги понуди организацијата Smith Family. За повеќе информации, стапете во контакт со училиштето на вашето дете.

- www.thesmithfamily.com.au/what-we-do/how-we-help/learning-for-life

## Програма за бескаматни кредити (NILS)

Програмата NILS им овозможува на поединците и на семејствата со ниски приходи пристап до безбеден, правичен и достапен кредит. Достапни се кредити за основни добра и за услуги како што се трошоци за образование, производи за домаќинство, поправки на автомобили и медицински зафати во износ до 1500 долари. Отплатата се пресметува на прифатлив износ распределен во текот на 12 до 18 месеци. За да го најдете вашиот најблизок давател на услуги од програмата NILS, посетете ја интернет страницата наведена подолу.

- https://nils.com.au/
- Телефон: 13 64 57

## Computer bank

Организацијата Computer Bank е независна непрофитна организација којашто обезбедува стари поправени персонални компјутери и лаптопи по ниска цена. Организацијата Computer Bank има обезбедено илјадници поправени евтини компјутери за заедницата, особено на ученици за образовни цели. За пристап до оваа програма треба да поседувате важечка австралиска картичка за попусти.

- www.computerbank.org.au/
- Телефон: (03) 9600 9161

## Помош за студентски заеми, стипендии и надоместоци

Надоместоци за високо образование во Австралија се плаќаат за курсеви во институции за високо образование како што се универзитети и установи за техничко и натамошно образование TAFE. Владата обезбедува заеми и субвенции за учениците кои ги исполнуваат условите за олеснување на трошоците за високо образование. Австралиските граѓани и носителите на постојана виза можат да пристапат до владините заеми, а тоа се HECS-HELP, FEE-HELP и VET-HELP, за да им се помогне при плаќање на школарина, околу трошоците за студии во странство, за студентски услуги и за студентско домување. Стипендиите се награда во вид на финансиска помош за студенти за понатамошно образование во приватно основно или во средно училиште или за во приватен или во државен колеџ, за школување на универзитет или во друга академска институција. Стипендиите се доделуваат врз основа на различни критериуми, како што се академска заслуга, разновидност и вклученост, за атлетска вештина и за финансиска потреба.

*Стипендии*
- www.studyassist.gov.au/you-study/scholarships

*Помош за HECS*
- www.studyassist.gov.au/help-loans/hecs-help

*Помош од VET*
- www.studyassist.gov.au/vet-students/vet-student-loans

*Бесплатна помош*
- www.studyassist.gov.au/help-loans/fee-help

## Програма за ваучери Get Kids Active (Get Kids Active Voucher Program)

Програмата за ваучери Get Kids Active (Get Kids Active Voucher Program) ќе поддржи испорака на 100,000 ваучери за поддршка на деца за да се вклучат во организирани спортови и во активности за рекреација, преку обезбедување на износ до 200 долари за трошоците за членство, за спортска опрема или за униформи.

За да дознаете повеќе за Програмата за ваучери Get Kids Active (Get Kids Active Voucher Program), за условите и за начинот на којшто можете да се пријавите за ваучер, посетете ја интернет страницата

- www.getactive.vic.gov.au/vouchers/



# Што е тоа финансиска писменост?

Финансиска писменост е поседување на низа **вештини** и **знаење** што му овозможуваат на поединецот да донесува **информирани** и делотворни **одлуки** за сите свои финансиски ресурси.

**Money Smart**

Службата Money smart е веродостојна иницијатива поддржана од владата којашто ѝ обезбедува финансиско советување на австралиската заедница. Нуди едноставни алатки, совети, споредби и пресметувачи коишто ќе ви помогнат да донесувате информирани одлуки за банкарски работи и за водење буџет, за заеми, за кредити и долгови, за инвестиции и планирање, за осигурување, за пензиски столбови и пензија. Исто така,  преку информативната страница за финансиски советници нуди поддршка доколку ви требаат финансиски совети и насоки.

- www.moneysmart.gov.au









# Финансиски услуги и поддршка

### Services Australia – Служба за финансиски информации (FIS)

Јавете ни се на 132 300 и кога ќе ве прашаме зошто се јавувате, кажете 'Financial Information Service'. Службеник од FIS ќе одговори на вашиот повик.

- Интернет страница: servicesaustralia.gov.au/fis
- Јавете ни се на 132 300 и кажете 'Financial Information

Службата FIS може да разговара со вас за вашите опции за пензија. Службата FIS може да ви помогне да планирате пензија без оглед на тоа кога планирате да се пензионирате, дали утре или за 20 години. Можете да добиете информации преку интернет или да разговарате со службеник на FIS. Тој/таа може да ви покаже начини да изградите посилна финансиска иднина кога ќе бидете во пензија.

### Uniting Kildonan – Програма за финансиско советување за североисточниот регион

Програмата Uniting Kildonan нуди низа бесплатни услуги за луѓе кои се соочуваат со финансиски тешкотии. Финансиското советување може да се обезбеди преку проценка на вашата финансиска состојба, може да помогне во подредување на сметките и долговите по важност, да обезбеди информации за правилата и за законите поврзани со обврските за плаќање, да помогне во преговорите со доверители и да изготви изводливи планови за плаќање, за водење буџет и за поддршка за управување со пари. Исто така може да обезбеди и упатувања до други специјализирани служби.

- www.unitingkildonan.org.au/programs-and-services/financial-support/financial-counselling/north-eastern-financial-counselling-program/
- Телефон: 1800 685 682

### Centrelink – Services Australia

Службата Centrelink е државна служба којашто обезбедува финансиска поддршка за луѓето од австралиската заедница кои се соочуваат со финансиски тешкотии. Centrelink обезбедува исплати и услуги за пензионери, невработени, семејства, негуватели, родители, лица со попреченост, домородни Австралијци и за луѓе од различно културно и јазично потекло. За да проверите дали ги исполнувате условите за пријавување за поддршка од Centrelink, посетете ја интернет страницата на Services Australia наведена подолу.

- www.servicesaustralia.gov.au/individuals/centrelink

### Австралиска даночна управа (ATO)

Данокот се пари што луѓето и деловните субјекти ѝ ги плаќаат на австралиската влада за да се обезбеди добар систем на здравствена заштита, квалитетно образование, градежни работи и надградби на патиштата и на разни установи во заедницата. Разбирањето на даноците во голема мера доведува до тоа да се избегне несогледување на даночните одбитоци и да не се најдете во ситуација да плаќате непредвидени даночни долгови. Пред да започнете со работа, препорачуваме да разговарате со Даночната управа. ATO издава даночни броеви на поединци, на деловни субјекти и на други организации заради целите на идентификување и водење евиденција за истите.

### Австралиски жители

- www.ato.gov.au/individuals/tax-file-number/apply-for-a-tfn/australian-residents---tfn-application/

На интернет страницата наведена подолу се пријавуваат носители на странски пасоши, постојани доселеници и привремени посетители

- www.ato.gov.au/individuals/tax-file-number/apply-for-a-tfn/foreign-passport-holders,-permanent-migrants-and-temporary-visitors---tfn-application/

Луѓе кои живеат надвор од Австралија

- www.ato.gov.au/individuals/tax-file-number/apply-for-a-tfn/people-living-outside-australia---tfn-application/

Ако ви треба помош за да ја пополните даночната пријава, службата Врски на заедницата во Витлси (Whittlesea Community Connections) секоја година обезбедува бесплатна програма за помош со даноците во периодот меѓу месеците јули и октомври. Ве молиме јавете се за да проверите дали ги исполнувате условите за програмата.

- Врски на заедницата во Витлси (Whittlesea Community Connections) (03) 9401 6666

### Национална линија за помош при долгови (NDH)

Националната линија за помош при долгови NDH обезбедува бесплатна телефонска услуга за финансиско советување за да им помогне на луѓето да управуваат со своите долгови и да ги контролираат своите финансии. Службата исто така може да ви оствари контакт со други служби, како што се служби за правни услуги, служби за храна во кризни состојби и за сместување, како и здравствени служби.

- https://ndh.org.au/
- Телефон: 1800 007 007

### Австралиска управа за финансиски приговори (AFCA)

Австралиската управа за финансиски приговори AFCA разрешува поплаки во врска со банки, кредитни здруженија, градежни друштва, компании за животно осигурување, даватели на услуги од пензиски фондови, советници за финансиско планирање и други разни финансиски институции. AFCA им помага на потрошувачите и на малите бизниси да постигнат договори со финансиски  фирми за тоа како да се реши некој настанат спор.

- www.afca.org.au/about-afca
- Телефон: 1800 931 678



# Финансиски совети

## Плаќање сметки

Не мора да чекате да ги добиете сметките за да почнете да ги плаќате. Одличен начин да одржите контрола врз вашите сметки е да ги плаќате редовно. На пример, ако добивате плата на две недели, тогаш плаќајте ги и сметките на секои две недели, или пак обидете се да тргнете настрана пари за сметките. Побарајте од вашата комунална компанија да ви изготви план за плаќање на секои две недели. Тие ќе го пресметаат вкупниот износ за сите сметки во текот на изминатата година и ќе го поделат на 26 рати на секои две недели. Ова може да се примени кај сите ваши сметки, на пример за домашен телефон/интернет, за мобилни телефони, за кредити, за кредитни картички, за станбен кредит, за рати и за надоместоци за образование.

## Методи на плаќање сметки

Постојат неколку опции што можете да ги користите за плаќање на сметките: во пошта со сметка или со платежна картичка, со опцијата BPAY преку телефон или преку електронско банкарство, со траен налог за плаќање преку електронско банкарство (директно повлекување на соодветен износ од вашата сметка), со Centrepay.

## Што е кредит

Кредит значи сега да добиете нешто што има одредена вредност и да ветите дека подоцна ќе го платите, честопати со плаќање дополнителен финансиски надомест додаден од кредитодавателот. Кога се согласувате да го отплатувате кредитот, вие сте одговорни за отплата на парите што ги должите, и тоа според условите на договорот што го склучувате со кредитодавателот. Кредитот може да биде потрошувачки или станбен, во облик на кредитни картички или картички за пазарување, заеми за образование, плаќање на рати за купен призвод, краткорочни кредити или брзи готовински кредити, мобилен телефон, интернет услуги, струја или гас, услуги за водоснабдување и други.

## Што е бескаматен период и период на камата

Бескаматен период значи период во кој не се наплаќа камата на позајмените пари. Бескаматен период значи дека не мора да плаќате камата на парите што сте ги позајмиле во времетраење наведено од кредитодавателот, меѓутоа нивната стандардна каматна стапка ќе почне да ви се наплатува кога ќе заврши бескаматниот период, а вие не сте отплатиле сè што должите.

Ваквите надоместоци може брзо да се насоберат и, ако не го отплатите целото салдо во бескаматниот период, може да ви наплатат голем износ за камати. Затоа ве поттикнуваме секогаш да ги отплаќате парите што сте ги позајмиле пред да заврши бескаматниот период.

## Кредитни оценки и кредитни извештаи

Кредитните извештаи претставуваат резимиран преглед за тоа како сте се справиле со кредитните сметки. Ако некогаш сте барале кредит или заем, за вас ќе постои кредитен извештај. Кредитните извештаи ги користат потенцијалните кредитодаватели и доверители за да им помогнат да одлучат дали ќе ви понудат кредит и под кои услови. Вашата кредитна оценка се заснова на лични и финансиски информации за вас што се чуваат во вашиот кредитен извештај. Кредитодавателите ја користат вашата кредитна оценка (или кредитен рејтинг) за да одлучат дали ќе ви дадат кредит или позајмат пари. Познавањето на вашата кредитна оценка и разбирањето на вашиот кредитен извештај може да ви помогнат да преговарате за погодни зделки или да разберете зошто сте биле одбиени за кредит. Кога ви е даден кредит во било каков облик, важно е да се држите до вашиот договор и до распоредот на отплата, бидејќи тоа ќе влијае на вашата кредитна оценка и на кредитниот извештај. За пристап до бесплатна копија од вашиот кредитен извештај и кредитна оценка, можете да се пријавите во едно од трите кредитни бироа подолу.

*Illion*
- www.illion.com.au/#illion-for-individuals
- Телефон на Illion: 1300 734 806

*Equifax*
- www.equifax.com.au/personal/help-centre/credit-reports/get-my-equifax-credit-report
- Телефон на Equifax: 13 83 32

*Experian*
- www.experian.com.au/order-credit-report/
- Телефон на Experian: 1300 783 684






# Видови кредити

## Програма за бескаматни кредити (NILS)

Шемите за бескаматни кредити NILS се обезбедуваат преку организацијата Good Shepherd и овозможуваат пристап до бескаматни кредити за луѓе со ниски примања. Износите на кредитите се најмногу 1500 долари, при што службеник на NILS ќе работи со вас за да се изработи подобен план за отплата. За да добиете повеќе информации и да го најдете вашиот најблизок давател на ваква услуга, посетете ја интернет страницата наведена подолу. За пријавување треба да се исполнат одредени критериуми.

- https://goodshepherdmicrofinance.org.au/services/no-interest-loan-scheme-nils/

## StepUp Loan program

Кредитната програма StepUp е обезбедена преку организацијата Good Shepherd и овозможува пристап до заеми со ниски каматни стапки за луѓе со ниски примања и кои се соочуваат со тешкотии да добијат кредит од банка. Износите на кредитите започнуваат од 800 долари до најмногу 3000 долари и може да се отплатуваат на период од три години, и тоа по прифатлива стапка на отплата. За да добиете повеќе информации и да го најдете вашиот најблизок давател на ваква услуга, посетете ја интернет страницата наведена подолу. За пријавување треба да се исполнат одредени критериуми.

- https://goodshepherdmicrofinance.org.au/services/stepup-loan/

## Брзи готовински кредити

Брзиот готовински кредит (payday loan), исто така наречен кредит на мал износ, ви овозможува да позајмите до 2000 долари. Имате рок од 16 дена до една година да го вратите. Иако може да изгледа како брзо решение, брзиот готовински кредит налага многу давачки и може да испадне да враќате многу повеќе отколку што сте позајмиле. Постојат поевтини начини за позајмување пари кога ви се потребни, затоа секогаш обидувајте се прво добро да разгледате и да истражите други опции. Брзите готовински кредити се многу поскапи од личните заеми од банките.

## Изнајмување за купување

Изнајмувањето за купување е вид на правна трансакција каде закупувате некаков имот како што е мебел, електроника, моторни возила, недвижен имот, домашни апарати, и тоа во замена за неделна или месечна исплата, со можност да го купите во одреден момент од договорот. Во зависност од вашиот договор, ако навреме не ја платите киријата/исплатата, може да ви се наложи плаќање на високи давачки за доцнење, или дури и да го изгубите правото за купување на имотот.

## Банкарски заеми

Банкарскиот заем обезбедува среднорочни или долгорочни финансии, а за возврат корисникот на заемот треба да го врати позајмениот износ плус камата. Рокот на отплата на заемот и износот на каматата ги одредува банката, при што одлуките се засновани на одредени фактори како што се вашиот приход, расходи, кредитна историја, имотна состојба и целокупниот капацитет за отплата на заемот. Пред да земете каков било вид заем, се препорачува да ги истражите опциите што ги нудат различни банкарски организации и, доколку не сте сигурни, да разговарате со некоја финансиска советодавна служба за да добиете совети и упатства.




# Распоред за планирање на парите

